ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

## ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден **24.10.2023 година** во 08:30 часот во Мала сала на Општина Крива Паланка.

**Присутни:** Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Сашко Митовски**, секретар на Општина Крива Паланка **Мартин Николовски,**раководител на Одделение за правни и општи работи **Даниела Велковска,**раководител на човечки ресурси **Игор Додевски,** раководител на Одделение за инспекциски надзор **Бранко Велиновски** , раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков,** раководител на Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија **Антонио Давитковски,** , **с**оветник за јавни набавки и работи за седници на Совет **Биљана Тасевска** и советник за просторно и урбанистичко планирање **Иван Велиновски**.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

Градоначалникот на општина Крива Паланка **Сашко Митовски** го водеше состанокот на колегиумот со запознавање на тековните активности на одделенијата и планирање на активностите во нареден период при што беа донесени следните заклучоци:

**<u>Секретар на Општина Крива Паланка</u>**

Задолженија на Секретарот на Општина кои треба да ги изврши во наредниот период , а кои произлегуваат од колегиумот на ден 24.10.2023 година.

-Тековни активности.

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Задолженија за раководителот на секторот за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина и одржување на комуналната инфаструктура кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 24.10.2023 година

**1.Параметар**

- Урбанистички проекти за инфраструктура за водовод село Мождивњак, канализација населба Маневци и канализација населба Трнци,водовод Калин Камен)

**1. По однос на ова задолжение секој понеделник на колегиумите да се доставува писмен табеларен извештај со степен и прогрес на завршени чекори, што е зрршено и превземено во претходната недела.**

**2. Според Договорот да се започне со активности за обезбедување на техничка документација на НУ Центар за култура и Авансна фактура за исплата.**

**2.Аква**

-Водовод Мождивњак,канализација населба Маневци и канализација населба Трнци, водовод Калин Камен, канализација населба Грамаѓе

**По однос на ова задолжение секој понеделник на колегиумите да се доставува писмен табеларен извештај со степен и прогрес на завршени чекори, што е зрршено и превземено во тековната недела.**

**3.МГ Проект**

-Инфраструктурен проект за водоводна линија Вирови-Грамаѓе село Конопница

-Налог за уредување на јавни површини ( Градски Музеј двор, просторот околу градски парк покрај течението на Крива Река+ осветлување на Крива Река)

-Да се обезбеди техничката документација за централната главна улица од Единство до ресторан Облаче и истата да се аплицира за одобрение за градба

**По однос на ова задолжение секој понеделник на колегиумите да се доставува писмен табеларен извештај со степен и прогрес на завршени чекори, што е зрршено и превземено во тековната недела.**

**По однос на овие задолженија и налози за проектирање според неделниот извештај кој го добивам не се превземаат никакви активности. Барам доколку веќе немаме конкретен исход да се испрати писмо,ургенција или пак да се превземат соодветни мерки за раскинување на договорот**

**4. Еуро Роад**

- Улица Моша Пијаде ( Осичка Мала) по стар договор

- проектирање на потпорни стени ОУ Илинден-Пролетер

-Нов налог по новиот договор за реконструкција и рехабилитација на локални улици

(Кланица,Ратко Минев, Градец,Трновска мала, Чука)

- Да се стапи во контакт со лицето Јовица од фирмата Конструктор кој ќе обебзеди цртежи и информации за централната главна улица, истата да се предаде на лицето Слаѓан од фирмата ЕУРО РОАД за изготвување на нов проект на потегот од населба Единство до станица за технички преглед.

**По однос на ова задолжение секој понеделник на колегиумите да се доставува писмен табеларен извештај со степен и прогрес на завршени чекори, што е зврешено и превземено во тековната недела.**

**ПО ОДНОС НА ОВА ЗАДОЛЖЕНИЕ БАРАМ ДА СЕ ЗАБРЗАА СИТЕ ПРОЦЕСИ И ДИНАМИКА НА РАБОТА.ЗА ИСТАТА ОВАА РАБОТА НЕМАМ ВЕРОДОСТОЕН ПОДАТОК И КОМПЛЕТНА СЛИКА ДО КОЈА ФАЗА СЕ СО ПРОЕКТИРАЊЕТО.**

**5.Димензија 360-проектирање на детски катчиња**

Да се пратат геодетските мерења од Алфа геодет
Да се дефенираат проектните задачи и содржините на самите детски катчиња според големината на парцелите
**РОК ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧАТА: Понеделник 11.09.2023**

**ПО ОДНОС НА ОВА ЗАДОЛЖЕНИЕ СЕ ПОМИНАТИ ПОВЕЌЕ ОД ПЕТ МЕСЕЦИ КАДЕ СЕУШТЕ НЕМАМЕ ДЕФИНИРАНА СООДВЕТНА ПРОЕКТНА ЗАДАЧА КАДЕ ЌЕ СЕ ДЕФИНИРААТ САМИТЕ СОДРЖИНИ НА ДЕТСКИТЕ КАТЧИЊА И СПОРТСКИ ТЕРЕНИ.**

**2.**Извештај во писмена форма по однос на постапката и динамиката на Генералниот Урбанистички План и Деталните Урбанистички Планови кои се во постапка

**Урбанистичко планска документација**

1. 13-ВСогласност МТВ

3. 10-А Јавна Анкета

4. УП Викенд населба Калин Камен ( почетна фаза)

5. Депонија за инертен отпад- Инпума

**ЗАДОЛЖЕНИЕ: СЕКОЈ ПОНЕДЕЛНИК ПРЕД КОЛЕГИУМ ДА СЕ ДОСТАВУВА ИЗВЕШТАЈ ВО ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА ЗАВРШЕНИ ЧЕКОРИ**

**3.**Да се започнат подготовки за водење на постапка за продажба на парцелата кај Треска

- нови елаборати за нумерички податоци ( 11.09.2023)

- нови записници од Комисија за увид на лице место (15.09.2023)

- позитивно мислење од ЈП Комуналец и ЕВН Македонија ( 22.09.2023)

- Одлука на совет

**КРАЕН РОК ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОГЛАСОТ ЗА ПРОДАЖБА 02.10.2023**

**НЕЗАВРШЕНО ЗАДОЛЖЕНИЕ**

**4.** Да се достави извештај од секоја комисија поединечно за легализации на број на сработени предмети и уште колку остануваат решливи предмети**.**

**5**. Да се биде во комуникација со ГИМ за изготовка проектна документација за изградба на локален пат село Конопница Спас-Крст. Извештај до која фаза е проектирањето

**ЗАДОЛЖЕНИЕ: СЕКОЈ ПОНЕДЕЛНИК ПРЕД КОЛЕГИУМ ДА СЕ ДОСТАВУВА ИЗВЕШТАЈ НА ЗАВРШЕНИ ЧЕКОРИ**

**6.**Извештај на активни предмети во системот Е-градежна дозвола

**7.** Подготовка на годишните оперативни програми драфт верзии. Корегираните програми да се достават на повторен увид

**8.** Да се превземат мерки за обезбедување на одобрение за градба изградба на мињор кориот на Крива Река. Или да се разгледа можноста за продолжување на старото одобрение и обезбедување на водостопанска согласност.

**9.** Да се закаже комисија за урбанизам на која ќе се иницира постапка за носење на планска документација и распишување на јавен повик за избор на планерска куќа за следниве локации:

- Игралиште село Конопница со намена за Дино Парк

- Пролетер со намена за станбено домување

-Пендин вир со намена за Бензинска пумпа

- Кам маркет со намена домување

**10.** По носењето на ГУП, да се стапи во комуникација со ГИМ за усогласување на проектната документација за регулација на коритото на Дурачка Река

1**1.** Да се определи парцела-приватна сопственост кај градските гробиште која ќе биде предмет на експропријација заради потребата од проширување на самите гробишта. Да се нарача елаборат за истата.

-Тековни активности

**<u>Одделение за финансиски прашања</u>**

Задолженија за одделението за финансиски прашања кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 24.10.2023 година

1. Да се направи прегелед и извештај по однос на доставените опомени за блокирање на сметки по однос на данок на имот и фирмарини

   **РОК НА ЗАВРШУВАЊЕ НА ЗАДОЛЖЕНИЕТО 15.09.2023**

   **Да се изготви нов пречистен список за испраќање на известување за блокирање на сметка и да се подготват известувањата за достава**

   **ПРОЦЕСОТ СЕ РАЗДОЛЖИ ПРЕМНОГУ,ОПШТИНАТА НАМЕСТО ПРИДОБИВКИ ОД ОВАА АКТИВНОСТ ВЛЕЗЕ ВО НОВИ ДОПОЛНИТЕЛНИ ТРОШОЦИ**

2. Да се започне подготовка и соодветна анализа за вториот ребаланс на Буџетот и да се земат предвид следниве работи:
   - Обезбедување на средства за плати и регрес+кофинасирање изградба на Домачки дол, поставување на фотоволтаиции,
   - Нови договори ( пум трака, проектирање УНДП, декада на роми)
     + можност за нови договори од БРЗРР

     **РОК НА ЗАВРШУВАЊЕ НА ЗАДОЛЖЕНИЕТО 10.11.2023**

     **НЕ СЕ ПРЕВЗЕМААТ НИКАКВИ ПОДГОТВИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ И СООДВЕТНИ АНАЛИЗИ**

3. Да се направи пресек по однос на проценти на реализацијата на годишните оперативни програми и да се види можноста од каде може да се дообезбедат средства по однос на сите неопходни планирани активности до крајот на годината. Да се организира состанок поединечен со секој раководител на кој ќе се направи пресек на процентот на реализација на годишните оперативни програми, од кои ќе се има јасна слика за подготовка на вториот ребаланс.

   **РОК НА ЗАВРШУВАЊЕ НА ОВА ЗАДОЛЖЕНИЕ 22.09.2023**

   **НЕЗАВРШЕНО ЗАДОЛЖЕНИЕ**

4. Да се организира работен состанок со сите раководители и службеникот за јавни набавки по однос на процедурата за извршување и следење на реализација на Буџетот. Да се организира работен состанок со USAID и раководителите од Општина Кр.Паланка. Процедурата да започне да се применува од 01.01.2024.

**РОК НА ЗАВРШУВАЊЕ НА ОВА ЗАДОЛЖЕНИЕ 15.09.2023**

**НЕЗАВРШЕНО ЗАДОЛЖЕНИЕ**

5. Да се планира организирање на Буџетски Форум, превземање на чекори за подготвителни активности

**РОК НА ЗАВРШУВАЊЕ НА ОВА ЗАДОЛЖЕНИЕ 30.10.2023**

**НЕЗАВРШЕНО ЗАДОЛЖЕНИЕ**

6. Подготовки за седници на Совет на 13.10.2023 третиот квартален извештај и ребалансот на Буџет на Општина Крива Паланка
7. Да се достави преглед на побарувања кон Општина Крива Паланка

8. Анекс на Договори кои ќе продолжат со реализација за следната година до 15.10.2023 да се изготват

9. Да се достави информација колку ќе изнесува ДДВ дотациата за 2024 година за општина Крива Паланка ( последниот квартал е намалена од причина планирано-нереализирано)

10. При креирањето на Буџетот за следнава година да се земат во предвид, нормално доколку имаме буџетска можност следниве препораки

1. Распишување на услуга за мобилна телефонија
2. Набавка на две половни ѓубрари за ЈП Комуналец со одложено плаќање
3. Оперативен финасиски лизинг за набавка на нови две возила за потребите на Општина

-Тековни активности.

<u>**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**</u>

Задолженија за одделението за изградба и одржување на комуналната инфраструктура кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 24.10.2023 година

**1. Параметар**

- Урбанистички проекти за инфраструктура за водовод село Мождивњак, канализација населба Маневци и канализација населба Трнци,водовод Калин Камен)

**1. По однос на ова задолжение секој понеделник на колегиумите да се доставува писментабеларен извештај со степени прогрес на завршени чекори, што е зршено и превземено во претходната недела.**

**2. Според Договорот да се започне со активности за обезбедување на техничка документација на НУ Центар за култура.**

**2. Аква**

-Водовод Мождивњак,канализација населба Маневци и канализација населба Трнци, водовод Калин Камен, канализација населба Грамаѓе

**По однос на ова задолжение секој понеделник на колегиумите да се доставува писмен табеларен извештај со степен и прогрес на завршени чекори, што е зршено и превземено во тековната недела.**

**3. МГ Проект**

-Инфраструктурен проект за водоводна линија Вирови-Грамаѓе село Конопница

-Налог за уредување на јавни површини ( Градски Музеј двор, просторот околу градски парк покрај течението на Крива Река+ осветлување на Крива Река)

-Да се обезбеди техничката документација за централната главна улица од Единство до ресторан Облаче и истата да се аплицира за одобрение за градба

**По однос на ова задолжение секој понеделник на колегиумите да се доставува писмен табеларен извештај со степен и прогрес на завршени чекори, што е зршено и превземено во тековната недела.**

**4. Еуро Роад**

- Улица Моша Пијаде ( Осичка Мала) по стар договор

- проектирање на потпорни стени ОУ Илинден-Пролетер

-Нов налог по новиот договор за реконструкција и рехабилитација на локални улици(Кланица,Ратко Минев, Градец,Трновска мала, Чука)

- Да се стапи во контакт со Јовица Конструктор кој ќе обезбеди цртежи и информации за централната главна улица, истата да се предаде на Слаѓан за изготвување на нов проект на потегот од Единство до станица за технички преглед.

**По однос на ова задолжение секој понеделник на колегиумите да се доставува писмен табеларен извештај со степен и прогрес на завршени чекори, што е зршено и превземено во тековната недела.**

**ПО ОДНОС НА ОВА ЗАДОЛЖЕНИЕ БАРАМ ДА СЕ ЗАБРЗАА СИТЕ ПРОЦЕСИ И ДИНАМИКА НА РАБОТА.ЗА ИСТАТА ОВАА РАБОТА НЕМАМ ВЕРОДОСТОЕН ПОДАТОК И КОМПЛЕТНА СЛИКА ДО КОЈА ФАЗА СЕ СО ПРОЕКТИРАЊЕТО.**

**5.Димензија 360-проектирање на детски катчиња**

Да се пратат геодетските мерења од Алфа геодет
Да се дефенираат проектните задачи и содржините на самите детски катчиња според големината на парцелите
**РОК ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧАТА: Понеделник 11.09.2023**

**ПО ОДНОС НА ОВА ЗАДОЛЖЕНИЕ СЕ ПОМИНАТИ ПОВЕЌЕ ОД ПЕТ МЕСЕЦИ КАДЕ СЕУШТЕ НЕМАМЕ ДЕФИНИРАНА СООДВЕТНА ПРОЕКТНА ЗАДАЧА КАДЕ ЌЕ СЕ ДЕФИНИРААТ САМИТЕ СОДРЖИНИ НА ДЕТСКИТЕ КАТЧИЊА И СПОРТСКИ ТЕРЕНИ.**

**6.**Со фирмата КООП,надзорот да да се направат сериозни напори за зголемена динамика на градежните активности на улици од населба Илиндени да се разрешат сите отворени прашања и дилеми како ( вградување на дополнителна количина на ивишњаци, тампонирање и набивање на ровот, цврстината на тлото на улиците, атмосферската канализација и ставањето во функција на решетките -мелто и белешков )**Да се превземат активности за изготвување на Анкес на договорот со кој ќе се затворат сите недостатоци утврдени при самата изведба на терен.**

**7**. Фирмата Белешков да започне со градежни активности по дадениот налог за работа

-Илинден решетки за атмосферска канализација

-Скали Трновска Мала

-Бети советничка

-Поправка на калдрмите во трновска мала и Чука

- Уредување на простор измеѓу Соларски мост и ОУ св.Јоаким Крчовски ( Стопанска банка уредување)

**8.** Со фирматаЛабино да се следат и кординираат следниве градежни активности. Со надзорниот орган да се направи соодветен притисок за динамиката на работа.

**- Биро за регионален развој ( подизведувач на КООП инжинеринг )**

1. Улица Осоговска ( предлог решение на проектантаската куќа)
2. Улица Климент Охридски ( предлог решение на проектантската куќа)
3. Македонска ( динамика на работа)

**9.**Да се постапи по неодговорените барања од граѓани по однос на штетите од невремето да се даде соодветен одговори да се направи еден табеларен преглед по однос на истите( санација на земјени патишта/ обезбедување на матријал)

1. Барања од месни заедници- со решение на секретар
2. Барање за штети од граѓани- со интерна внатрешна процедура на комисијата
3. Да се затворат сите неодговорени барања кои се адресирани до комуналното одделение
4. Табеларен преглед на пристигнати одговорени/неодговорени барања
5. Елаборат за штети за Белевски дол да се изготви и проследи до Влада на РСМ

**РОК ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ОВАА ЗАДОЛЖЕНИЕ: 18.09.2023**

**НЕЗАВРШЕНО ЗАДОЛЖЕНИЕ**

**10.**Да се распишат сите јавни набавки предвидени според планот за јавни набавки за 2023 по планот за јавни набавки

1. Набавка за новогодишно украсување

**РОК ЗА ЗАВРШУВАЊЕ НА ОВА ЗАДОЛЖЕНИЕ 20.10.2023**

**НЕЗАВРШЕНО ЗАДОЛЖЕНИЕ**

**11.**Да се стапи во комуникација со фирмата Интеко за изградба на Пум трака која според планот за работа од оваа недела треба да започне со активности на терен. Да се назначи одговорно лице за следење на реализација на проектот.

**12.Задолженија за Аце Голубовски**

1.Да се постават на светлосни тела на потегот од Бегови Бавчи до Мизолски Ливади на постоечките бандери

2. Осветлување на стара вада да се стави во функција

3. Да се осветли игралиштето во Мождивњак

**РОК НА ЗАВРШУВАЊЕ НА ЗАДОЛЖЕНИЕТО:30.10.2023**

**13.**Фирмата Стоименов да ги заврши сте активности по однос на изградбата на тротоарите и пешачката патека Стара вада укажани во записникот од Општина Крива Паланка .**На неколку локации има оштетување на тротоарите и ивишњаците.**

**РОК ЗА ЗАВРШУВАЊЕ НА ОВА ЗАДОЛЖЕНИЕ: 30.09.2023**

**НЕЗАВРШЕНО ЗАДОЛЖЕНИЕ**

**14**.Да се следи изградбата на спортското игралиште во село Мождивњак и да се биде во координација со фирмите фабрика Карпош. Четврток е закажано почеток на работа за поставување на подлогата.

**15.**Спецификација за водоводна линија во школото во село Градец

**РОК ЗА ЗАВРШУВАЊЕ НА ОВА ЗАДОЛЖЕНИЕ 22.10.2023**

**НЕЗАВРШЕНО ЗАДОЛЖЕНИЕ**

**16.**Да се започнат подготовки за водење на постапка за продажба на парцелата на Треска

- нови елаборати за нумерички податоци ( 11.09.2023)

- нови записници од Комисија за увид на лице место (15.09.2023)

- позитивно мислење од ЈП Комуналец и ЕВН Македонија (22.09.2023)

- Одлука на совет

**КРАЕН РОК ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОГЛАС ЗА ПРОДАЖБА: 02.10.2023**

**НЕЗАВРШЕНО ЗАДОЛЖЕНИЕ**

**17.** Да се направи ажурирање на системот за градежно земјиште- распределба на задолженија на новите службеници

**РОК ЗА ЗАВРШУВАЊЕ НА ОВА ЗАДОЛЖЕНИЕ 15.09.2023**

**НЕЗАВРШЕНО ЗАДОЛЖЕНИЕ**

**18.** Да се нарача елаборат за експропријација на водовод Вирови-Грамаѓе

**РОК ЗА ЗАВРШУВАЊЕ НА ОВА ЗАДОЛЖЕНИЕ 15.09.2023**

**НЕЗАВРШЕНО ЗАДОЛЖЕНИЕ**

**19**. Да се побара продолжување на рокот на реализација со МТВ за улица Гоце Делчев

**НЕЗАВРШЕНО ЗАДОЛЖЕНИЕ**

**20.** Да се превземат неопходни активности за следење и логистичка поддршка на проектот за изградба на селски пат во село Дурачка Река на која изведувач ќе биде Топ Билд и Македонија пат. Да се стапи во комуникација со проектантите и да се разгледа можната измена на проектната докумњентациј

**21.**Ургентно да се задолжат сите фирми изведувачи според Закон за градење, на терен да постават табли на секое градилиште со информации за проектот.

**22.** Со фирмата КОП-Скопје да се следи изведбата на терен за изградба на атмосферска канализација во населба Метролошка. Да се види со ЈП Комуналец околу новите приклучоци

**23.** Да се нарача проценка на зградатана Европската куќа

**24**. Годишните оперативни програми да се достават повторно на увид

**1.Програмата за локални улици и патишта е да се направи тригодишна развојна Програма каде ќе се наведат следниве улици за изградба и рехабилитација исто и во програмата за уредување на градежно земјиште**
- Трновска мала-промена на калдрама
-Осичка Мала-Моше Пијаде
-Позади Социјално промена на калдрамата
-село Градец од Лозаново до Црква
- улицата под Кланица
- Централната градска улица од технички преглед до Единство
- улици во населба Житни
- Ратко Минев
-Пат накај Калин Камен
-Скрљавски дол
-Уредување на влезови пред зградите кај Единство
-Спас-Крст село  Конопница
-Крстата Падина
-Дурачка Река

2. Во соодветните програми да се предвиди и следново:

- Посебна набавка и вградување на Бекатон плочи
( пешачка патека покрај мињор коритот на Крива Река, простор кај Пакет Маркет-Автобуска станица, покрај новоизградениот дол на Домачки дол, покрај новоасфалтираната улица Македонска, простор на влив на Дурачка со Крива река и други неспоменати локации)

3. Во програмата за одржување и подигање на јавно зеленило

- Да се додадат сите новоподигнати зелени површини
-Да се испланира изградбата на речното корито од спортски комплекс до Градски Базен
-Набавкла на тримери
-Набавка на моторни пили со рачка
-Набавка на мотор
-Набавка на декоративен украсен камен за уредување на жардињери
- подигање на нови дрвореди

-Да се предвидат сите нови содржини кои се предмет на одржување

4. Во програмата за животна средина
- да се предвиди набавка и субвенција на канти за селекција на отпад за секое домаќинство
-наменска набавка за чистење на долови,канали

5. Во делот на проектирање да се предвиди:
- Проектирање на Катна Гаража ( монтажна-демонтажна) на локација кај Пакет маркет
- Проектирање на нови мостови ( Бегови Бавчи, Бавчалк, Карчов Мост, Градечки мост железна-челична конструкција над магистралниот пат)
- Урбано осветлување на кејот на Крива Река од Градски Базен до Бегови Бавчи

6. Во програмата за јавна чистота
- да се предвидат сите новоизградени улици
-наменска набавка за генерално машинско чистење и дезинфекција на градот
-Одржување на детските катчиња

**25.** Да се даде нарачка на фабрика Карпош за испорака на Бетонски цевки и што непоходно.

**26**. Да се следи реализацијата на проектот изградба и регулација на Домачки Дол

27. Да се направат Анекси на сите договори до 15.10.2023 кои ќе бидат продолжени за реализација следната година

- Тековни активности

**<u>Одделение за човечки ресурси</u>**

Задолженија за одделение за човечки ресурси кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 24.10.2023 година

1.Да се подготви предлог одлука на Совет за новата организација на Општина Крива Паланка.
2. Да се кординира процесот за оценувањето на административните работници за 2023 година.
3.Да се работи на процесот на имплементирање на новата организација кои ќе бидат како евентуални последици, разместувања и слично

-Тековни активности

**<u>Одделение за Локален економски развој и информатичка технологија</u>**

Задолженија за одделение за локален економски развој и информатичка технологија кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 24.10.2023 година

**1.**.Да се следи и кординирапостапката за распшување на повик за проектна документација преку УНДП

**2.** Да се започнат подготовки и организација на Буџетски Форум. Да се задолжи Лидија Митовска за организација и одговорно лице.

**РОК НА ЗАВРШУВАЊЕ НА ЗАДОЛЖЕНИЕТО: 27.10.2023**

4. Да се започне со подготовка на годишните оперативни програми за 2024 година. Програмите кои беа доставени на увид се копија од минатат година каде имавме реални проблеми при спроведувањето на истите. Да се направи анализа и сите тие недеостатоци и пропусти од минатата година да се корегираат и да бидат дефинирани со правлини,начини и критериуми.

1. ***Програма за млади***
   - Да се додаде мерка ,, субвенција за полагање на возачки испит за сите млади со навршени 18 години во висина од 6.000 денари,,
   - Во мерката субвенција на млади студенти за купување на дигитални уреди заради поголема искористеност на мерките да се додаде за сите Академски години, не само за завршена прва година, просекот да остане ист.
   - Денот на Европа- 9ти Мај и организацијата на хепининг и маратон да се префрли во оваа програма
   - Да се крираат уште некои уникатни и кративни мерки за млади.

2. ***Програма за култура***

   Да се подели како минатата година на:

   1**. Манефестации кои ги организира Општината**

   -Тука на почеток веднаш да се разграничи и да се наведе во самата програма,организацијата на Државни и Верски празници која институција и кое одделение ќе биде носител на самата организацијата. Да не имаме префрлување на одговорност и дискусии без поента на колегиум како оваа година.Уште една битна работа, на пример ако носител на организацијата-свечена академија за просветните работници е градски музеј и финасискиот износ за реализација на самиот настан ( репрезентации,договори за изведувачи и останати трошоци) му се предвидуваат и се трансферираат кон самата институцијата. Минатаа година на пример за свечената Академија на Јоаким Крчовски репрезентациите изнесуваа 150.000 денари и се водат на конто на Општина. Ист таков пример имаме и со театрскиот фестивал, репрезантациите се поголеми од износот на фестивалот кои не се предвидени никаде, за да отпосле се ствара перцепција во јавноста дека Општината троши на кафани и угостителски услуги или влегуваме во непотребни дискусии и оправдувања на седници на совет на завршните сметки.

   2. **Манефестации кои се со директна финасиска подршка на Општината**

   Тука целата подршка која ја дава Општината да се предвиди детално со разработен трошковник, да не се определува сума од ракав. На пример организација на културното лето и

трансферот кон Центар за Култура беше без финасиска проекција за да на крај од самиот настан останат нерализирани средства. Исто така уште еден пример организацијата на меѓународен фолкорен фестивал никаде не се предвидува изнајмување на бина,опрема,осветлување.
Друг пропуст од минатат година организацијата свети Теодор Тирон, настан кој општината го подржува со 60.000 денари но средствата не се искористуваат за организација на настанот туку за изготовка на календари,брошури,флаери и останато. Додека останатите трошоци кои оваа година изнесуваа 100.000 денари како набавка на прехрамбени артикли,пијалок,изведувачи, отидоа на сметка на Општината. Што значи дека еден ист настан општината го има подржано два пати, лошо програмирање,планирање и буџетирање.

3. **Подршка на здруженија преку ЈАВЕН ПОВИК за нивни програмски активности кои ќе бидат дел од културната Програма на Општината**
- По однос на оваа и претходната подршка комисијата за следење на реализација на Договорите да побара финасиски и наративен извештај за оваа година.
- Исто така ако сметата дека имаме одредени пропусти од изминатава година да се земат во предвид со начинот на доделување,постапката и правилникот.

4. Исто така во оваа програма да се предвидат средства за изнајмување на опрема/осветлување и ЗАМП

**ПО ОДНОС НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРА ДА СЕ ОДЛУЛИ ДАЛИ СЕГА ЌЕ СЕ ОБЈАВИ ЈАВЕН ПОВИК ПРЕД НОСЕЊЕ НА ГОДИШНИТЕ ОПЕРАТИВНИ ПРОГРАМИ**

3. ***Програма за спорт***
По однос на оваа програма да се дефинираат активности кои ќе ги реализира Општина Крива Паланка и активности на спортските здруженија кои ќе бидат директно подржани преку ЈАВЕН ПОВИК.
- По однос на подршката која ја дава општината преку ЈАВЕН ПОВИК, комисијата за следење на реализација на Договорите да побара финасиски и наративен извештај за оваа година, за да можеме да имаме јасна слика при крирањењто на новата програма која подршка е оправдана, која подршка не е оправдана.
- Исто така ако сметата дека имаме одредени пропусти од изминатава година да се земат во предвид со начинот на доделување,постапката и правилникот да се земат во предвид.

**ПО ОДНОС НА ПРОГРАМАТ ЗА СПОРТ ДА СЕ ОДЛУЛИ ДАЛИ СЕГА ЌЕ СЕ ОБЈАВИ ЈАВЕН ПОВИК ПРЕД НОСЕЊЕ НА ГОДИШНИТЕ ОПЕРАТИВНИ ПРОГРАМИ**

4. ***Програма за социјална и детска заштита***

- СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА
Во самата програма од оваа година имаме одредени прогрогрnative активности кои не се дефинирани точно со правилник и начинот на подршката која ја дава општината. Од таа причина изминатава година бевме блокиран со барања од граѓани каде самата комисија се стави во незавидна позиција за одлуките кои треба да ги носи но и се губи доверба кон иституцијата.

Затоа да се дефинираат точно,прецизно сите мерки со каква конкретна активност и каква финасиска подршка. Да се земе искуство од други Општини како се уредини овие мерки со правилници и слично.
На пример пропуст од претходната година имаме мерка ,, субвенции за лица со попреченост,, субвенција која никогаш не ја релизиравме бидејќи не е точно и прецизно дефинирана.
Доделување на хуминитарни пакети, ја имаме во програма, вградена во Буџет, истата ја нема во планот за јавни набавки. И никогаш не се реализира.
Изградба на пристапни рампи ја ставаме секоја година во програма, никогаш не ја Буџетираме и не ја распишуваме набавка.

-ДЕТСКА ЗАШТИТА
Исто и тука мерки и активности кои никогаш ги немаме реализирано бидејќе истите не ни се прецизирани. Како на пример: субвенции на деца на самохрани родители,деца со попреченост вклучени во образовен процес и слични мерки

- ЗДРАСТВЕНА ЗАШТИТА
  Субвционирање на претстој на деца на самохрани родители со плата и други месечни приходи во износ на минималната плата од ОЈУДГ ДЕТЕЛИНКА. За оваа мерка нема никвка пречка да не се релизира.
- Тука сакам да предложам и нова мерка ослободување на сите дечиња од месечната партиципација во детската градинка ДЕТЕЛИНКА во износ од 50%

**РОК НА ЗАВРШУВАЊЕ НА ЗАДОЛЖЕНИЕТО: 22.09.2023**

**4.** Да се дадат информации по однос на преработката на проектната документација за Адреналинскиот Парк во Калин камен на проектантската куќа Параметар со која треба да се преработи според предвидената сума.

**РОК НА ЗАВРШУВАЊЕ НА ЗАДОЛЖЕНИЕТО: 29.09.2023**

**НЕЗАВРШЕНО ЗАДОЛЖЕНИЕ**

**5.** Да се објави повик за млад земјоделец

**НЕЗАВРШЕНО ЗАДОЛЖЕНИЕ**

**11.** Повик за климатски промени за енергетски ефикасни фасади за колективни домувања.

**12.** Да се организира работен информативен состанок помеѓу целни фокус групи на засегнато население и компанијата WPD

-Тековни активности

**<u>Одделение за правни и општи работи</u>**

Задолженија за одделение за правни и општи работи кои треба да ги изврши во наредниот период, а кои произлегуваат од колегиумот на ден 24.10.2023 година

**1**. Дасеразгледа правната можност за писменоукажување за можно раскинување на договорот за изнајмување на градскиот базен од причина што немаат значајни активности за уредување на просоторот, немаат уплати по однос на давање под наем.

**РОК НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДОЛЖЕНИЕТО:15.09.2023**

**2.** Да се организира работен состанок со проценителите за корекција на одлуката за уредување на градежно земјиште и да се подготви нова одлука за седница на Совет

**РОК НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДОЛЖЕНИЕТО:22.09.2023**

**4.** Одлука на совет за давање под наем на деловен простор

Одлука на совет за продажба на зградата на ЕУ куќа, одлука на совет за продажба на објектот во село Огут

**5**. Да се организира доставата на решениата за блокирање на сметки по однос на данок на имот на правни и физички лица

**6.** Да се види начинот и процедурата, праксата во претходниот период за купување на земја за ширење на градските гробишта.

**7.** Да се закажат седници на Совет на 31.09.2023 и 13.10.2023

**8.** Да се превземат сите непоходни чекори за спроведување на новата организација и реорганизирањето во самата општина со новии одделенија-простории и слично

-Тековни активности

**<u>Одделение за инспекциски надзор</u>**

Задолженија за одделение за инспекциски надзор кои треба да ги изврши во наредниот период а кои произлегуваат од колегиумот на ден 24.10.2023 година

1.Извештај од теренската контрола на комуналниот инспектор во село Мождивњак и укажување за приклучок на населението во каналазациониот систем.
2.Да се подготвува апликацијата за Еко Општина за 2023 година, објавена од Пакомак.
3.Извештај на комуналниот инспектор по однос на задолжението на ЈП Комуналец за чистење на решетки,канали,пропусти. Што е завршено во изминатиов период.
4.Градежниот инспектор да ги исконтролира сите општински градилишта и да укаже за поставување на информативни табли.
5.Да се подготви апликација со која ќе се искаже интерес за учество на Генералка викенд 2024 година.
6.Да се разгледа Договорот и испораката на донацијата на дрвца и можна локација за садење на истите

-Тековни активности

**<u>ЛУ Градски музеј</u>**

Задолженија за ЛУ Градски музеј кои треба да ги изврши во наредниот период а кои произлегуваат од колегиумот на ден 24.10.2023 година

-Тековни активности

**<u>ЈП Калин Камен</u>**

Задолженија за ЈП Калин Камен кои треба да ги изврши во наредниот период а кои произлегуваат од колегиумот на ден 24.10.2023 година

-Тековни активности

**<u>ЈП Комуналец</u>**

Задолженија за ЈП Комуналец кои треба да ги изврши во наредниот период а кои произлегуваат од колегиумот на ден 24.10.2023 година

## СЕКТОР ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО

### Раководител на одделение Маре Стојановска

1. Да се продолжи и оваа недела со косење,сечење дрва и средување на просторот околу Кам Маркет, косината на Кам Маркет
2. Да се доврши кастрење и косење на главниот пат во село Конопница и сите останати споредни патишта
3. Во градскиот парк со гребуља за лисја и ситно ѓубре секојдневно да се мете тревата. По тревата има доста ситно ѓубре кое изгледа многу лошо.
4. Да се уреди просторот со сеење трева околу игралиштето во населба Илинден.
5. Чистење на фонтаната пред Општина.
6. Да се започне со кастрење гранки и косење со тример на пешачката патека до Станечки Водопади
7. Да се достави новата драфт верзија на годишната оперативна Програма за 2024 за подигање и одржување на Јавно Зеленило

**РОК ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА СИТЕ ЗАДОЛЖЕНИЈА 03.11.2023.**
**ЗА СИТЕ ЗАДОЛЖЕНИЈА ВО ПЕТОК 27.10.2023 да се достави писмен извештај на завршените и сработените работи. Исто така извештај и за работите кои се завршени во текот на оваа недела, а не се зададени како задолжение, а се произлезени од тековните**

**потреби. Заради обемот на задачите доколку нешто не е завршено да се наведе, за да може истата задача се пренесе во следниот месец.**

**За потребите,обемот на задолженијата затворските работници оваа неедла се ставаат на располагање на овој сектор.**
**ПОТЕНЦИРАМ ЗАТВОРСКИТЕ РАБОТНИЦИ ДА НЕ СЕ КОРИСТАТ ЗА ДРУГИ РАБОТИ КОИ СЕ ВО ПОМАЛ ОБЕМ И ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ДРУГИ СЕКТОРИ.**

## НАРЕДБА СО ЗАДОЛЖЕНИЈА

## 24.10.2023

## СЕКТОР ЗА КОМУНАЛНА ХИГИЕНА,ПАЗАР И ГРОБИШТА

### Раководител на одделение Дејан Митровски

1. Во петок да се организира дневно миење на плоштадот пред Општина, Градскио плоштад, Градскиот Парк.
2. Да се организира миење со цистерната на следниве улици
   1. Од осички мост до мотел Македонија
   2. Од маркет Марнес до Технички преглед
   3. Миење на тартан патеката на спортски комплекс
   4. Тротоарите на автопат
   5. Перење на површините под контиењерите
3. Да се стават правосмукалките во скојдневна употреба и да се задлжат Рамо и Грозде за ракување на истите
4. За тракторската метларка да се нарачат нови четки и истиот да се регистрира.
5. Метларката на Брако  и задолжително да работи во две смени и за време на викенд по следниов распоред

   Секој ден прва смена од 06:00 до 10:00 часот
   Секој ден втора смена од 16:00 до 19:00 часот
   Секоја сабота и недела од 06:00 часот до 10:00 часот

   -Со метларката на Брако секојдневно да се врши метење на централна градска улица од потегот од Технички преглед до мотел Македонија.
   -Секојдневно метење на Улицата од Соларски мост до плоштад
   -Секојдневно метење на паркот и плоштадот
6. Во сабота и недела задолжително да има по двајца дежурни метлачи за метење на централната градска улица, парк, плоштад.

7. Да се води евиденција на работното време на метлачите и нивното отсуство. Да се води строга контрола од порано заминување од работното место. **Да се задолжи лице за**

**теренска контрола и санкција. ( МНОГУ ОД МЕЛАЧИТЕ СИ ЗАМИНУВААТ ПОРАНО ОД СВОЕТО РАБОТНО МЕСТО ИЛИ СЕ КРИЈАТ ПО СПОРЕДНИ УЛИЦИ) БАРАМ ДА СЕ ПРЕВЗЕМАТ САНКЦИИ ЗА СЕКОЈ КОЈ НЕ ГИ ПОЧИТУВА НАСОКИТЕ СО КРАТЕЊЕ НА ДНЕВНИЦА ОД МЕСЕЧНАТА ПЛАТА. ДОКОЛКУ ПРИМЕТАМ ДЕКА НЕКОЈ НЕ Е НА СВОЕТО РАБОТНО МЕСТО, А НЕМАТЕ ПРЕВЗЕМЕНО НИШТО ЌЕ БАРАМ ОД ВАС ОДГОВОРНОСТ:**

8. Да се назначи лице кое ќе биде одговорно за теренска проверка и контрола на собеpените или несоберените контиѓери. Истото лице ќе има задача да прави дневна обиколка и контрола на теренот според распоредот од претходниот ден. Доколку некаде не е поминат теренот и не се соберени контиѓерите да направи записник со фотографии и да го достави до директорката за превземање на санкции.
9. **УРГЕНТНО**од денеска и во следниве десет денови да се организира чистење на каналите,решетките, сливниците и пропустите на цела територија на Општина Крива Паланка. И да се достави извештај што е завршено.**За обемот на оваа задача може да се користат работниците од општината како испомош**.**По однос на ова задолжение барам ургентна организација од причина ќе следи период на лоши временски прилики, бидејќи до сега не е ништо превземено.**
10. Да се организира метење и перење на површините под контиѓерите на сите локации
11. Метлачите да не се користат за други потреби на петрипјатието бидејќи останува halfнеметена централната улица во период каде секојдневно имаме паѓање на лисјата од дрвјата. Каде не се метат улиците од втора и трета зона, остануваме без метлачи и на централната улица.
12. Да се достави на увид новата драфт верзија на годишната оперативна програма за одржување на јавнта хигиена.

**РОК ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА СИТЕ ЗАДОЛЖЕНИЈА Е 27.10.2023. ЗА СИТЕ ЗАДОЛЖЕНИЈА ВО ПЕТОК 27.10.2023 да се достави писмен извештај на завршените и сработените работи. Исто така извештај и за работите кои се завршени во текот на оваа недела, а не се зададени како задолжение, а се произлезени од тековните потреби. Доколку одредено задолжение не е завршено барам да се наведе во извештајот.**

**Мирка Јакимовска**
**В.Д. директор ЈП Комуналецец**

## НАРЕДБА СО ЗАДОЛЖЕНИЈА

## 24.10.2023

1. Да се сервисираат тритерасипани ѓубрарка и да се стави во функција по месечен распоред.
2. Да се сервисира мулчерот и да се стави во функција.
3. Да се направи соодветна анализа за покачувањето на сите услуги и останати сметки за септемвриското покачување на платите, истата оваа анализа да се организира **работен состанок со советниците**и да им се презентира истат. Да се стави како точка на дневен ред на седницата на 31.09.2023
4. Да се направи убав табелерен приказ на сите одделенија и на дневна основа да се доставува извештај до директорката и градоначалникот на завршените задолженија и кои лица ја извршуваат.Целта е преку овој начин да се детектираат слабостите и нефукциналноста на претпријатието и ќе се откријат луѓето кои не
   извршуваат никакви работни задачи, а детектираат сериозни месечни трошоци и загуби на претпријатието.
   Службите да направат табеларен преглед на организацијата на претпријатието со опис и попис на работните задачи на секој вработен. За да може да се има убава слика и преглед кој што работи, за да сите оние кои немаат дефенирано работни задачи да се овластат со нови работни задачи**. ( ОВА ЗАДОЛЖЕНИЕ НЕ Е ЗАВРШЕНО ПОДОЛГ ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД, ИСТОТО Е НЕОПХОДНО ЗА ФУНЦИОНАЛНОСТА НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО, ДА СЕ ИЗНАЈДАТ СИТЕ СЛАБОСТИ).**

   **На увид да ми се достави целата организација на претпријатитето со опис и попис на работните задачи на секој вработен поединечно по сектори и одделенија. Исто така барам по однос на ова задолжение да се делегираат нови работни задачи за сите оние вработени кои не се искористени доволно и соодветно со писмено овластување.**
   **Ова задолжение не извршено**
5. Да се направи времена организација за собирање на смет и ѓубре прилагодена според раипаните метларки, односно да се дуплираат сите смени и реони по распоред.**Да се назначи лице кое ќе биде одговорно за теренска проверка и контрола на соберените или несоберените контињери.ИСТОТО ЛИЦЕ ЌЕ БИДЕ КОНТРОЛА И НА РАКОВОДИТЕЛИТЕ ЗА НЕИЗВРШЕНИТЕ ЗАДОЛЖЕНИЈА)** . Истото лице ќе има задача да прави дневна обиколка и контрола на теренот според распоредот од претходниот ден. Доколку некаде не е поминат теренот и не се соберени контињерите да направи записник со фотографии и да го достави до директорката за превземање на санкции. Исто така да се отвори телефонски број на кој граѓаните ќе можат да пријават непријавено и несоберено ѓубре според неделниот распоред.**ДА СЕ НАЗНАЧИ ВАШЕ ЛИЦЕ ОД ДОВЕРБА КОЕ ЌЕ ВИ РЕФЕРИРА СЕКОЈ ДЕН. Исто така**

**барам да се отвори телефонски јавен број на кој граѓаните ќе можат да пријават непоминат реон и несоберени контиењери по неделниот распоред.**

Се случуваат сериозни намерни пропусти во редоследот на собирањето на смет и ѓубре од контиењерите. Исто така дел од контиењерите се отпразнуваат половично, не целосно. Да се превземат соодветни мерки. **БАРАМ ИЗРЕКУВАЊЕ НА ДИСЦИПЛИНСКИ МЕРКИ ЗА СИТЕ ОВИЕ ПРОПУСТИ ВО ИЗМИНАТИОВ И СЛЕДНИОТ ПЕРИОД.**

6. Да се нанзачи лице кое ќе биде одговорно и шеф на возен парк.
   За секое возило да се изготви чек листа за редовен сервис со потпис на одговорниот возач и шеф на возен парк.
   **Ова задолжение не е завршено.**
7. Собирачите на смет и ѓубре да се задолжат со метли за метење на сите површини под контиењерите откако ќе ги истресат со ѓубре. Под секој контиењер е формирна мини депонија.
   **Ова задолжение не се извршува.**

8. **УРГЕНТНО** од денеска и во следниве денови да се организира чистење на каналите,решетките, сливниците и пропустите на цела територија на Општина Крива Паланка. И да се достави извештај што е завршено. **За обемот на оваа задача може да се користат работниците од општината како испомош**.
   **Ова задолжение да се земе сериозно во предвид бидејќи ќе следува период на лоши временски прилики**
9. За тракторската метларка да се нарачат четки и истиот да се регистрира.
10. Со водовод да се види околу потребните работи кои треба да се завршат на улица Македонска и набавката на матријали. Да се искординира со Комуналното одделение од Општина Крива Паланка.
    **Ургентно да се постапи по ова задолжение.**
11. Да се дадат насоки за подготовка на годишните оперативни програми за јавно зеленило и јавна хигиена и истите да ми се достават на увид за препораки и сугестии. Ова задолжение да се изврши во координација со комуналното одделение.
12. Да се корегира доставата на сметки на брз и ефикасен начин. Доцнењето на доставата на сметки повлекува и касно прибирање на приходите во тековниот месец.

-Тековни активности

**24.10.2023 година, Крива Паланка**
**Изготвил: Клара Стевановска**